Република Северна Македонија
Министерства за правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-ЗАТВОР-ТЕТОВО

# Г О Д И Ш Е Н П Л А Н
# ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ВО КПУ-ЗАТВОР-ТЕТОВО ЗА 2026 година

Декември, 2025

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ЗАТВОР ТЕТОВО - BURGU I TETOVËS
Бр./Nr. 01-1791/1-1
04.12. 2025 год./vit
ТЕТОВО - TETOVË

Република Северна Македонија
**Министерство за правда**

**Управа за извршување на санкции**

**КПУ-Затвор-Тетово**

Врз основа на чл. 55 став 2 од Законот за организација на органите на државната управа (Сл.Весник на РМ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и 96/19) чл.30 ст.1 и чл.31 ст.2 тч. 5 од Законот за извршување на санкциите (Сл.Весник на РСМ бр.99/19, 220/19, 236/22 и 74/24) Директорот на КПУ Затвор Тетово донесе:

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ВО КПУ-ЗАТВОР-ТЕТОВО ЗА 2026 година

## ВОВЕД

Поаѓајќи од фактот дека корупцијата ги загрозува правата што им припаѓаат на граѓаните, ги дерогира законите и ја оневозможува правдата, го осиромашува општеството, ја поткопува правната држава и нејзината иднина, тогаш неопходно е борбата против ова зло да биде постојана обврска на секој граѓанин.

Корупцијата е глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји, без оглед на нивниот степен на развиеност заради што постојано се вложуваат напори за подигнување на свеста за корупцијата и за нејзиното влијание врз општеството/граѓаните. За сузбивање на корупцијата како општествено зло, вработените во државните органи треба да бидат убедени дека злоупотребата во институциите односно незаконитото дејствување не треба да се толерира и да бидаат во принципот на нулта толеранција кон корупцијата.

Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси[1] ја **дефинира корупцијата** како "злоупотреба на функција, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување на имотна корист, директно или преку посредник, за себе или за друг". **Поимот ризик од корупцијата[2]** е кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во

[1] Чл.2 ст.1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Сл.Весник на РМ бр.12/19)
[2] Чл.8 ст.6 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Сл.Весник на РМ бр.12/19)


Министерство за Правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-Затвор-Тетово - Тетово
Ул. „Цветан Димов бр 5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk

рамките на државните органи, јавните претпријатија и други институции од јавниот сектор кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измама, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспаретност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

Поимот судир на интереси е состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Изештаите на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, евалуациите на ГРЕКО[3]/GREKO, како и извештаите на други релевантни организации континуирано укажуваат на неповолните состојби во спречување на корупцијата. Истражувањата на перцепцијата на граѓаните покажуваат прифаќење на корупцијата како начин на живеење.Таа е длабоко и широко распространета во сите пори на општеството, што упатува на неопходноста од нејзино намалување, со стремеж кон нејзино искоренување.

Борбата против корупцијата не е едноставен процес, туку подразбира ангажман на целото општество и иницијативност на сите нивоа. Секој поединец има законска и морална обврска да се бори против корупцијата. Ова не значи само препознавање на корупцијата и воздржување од коруптивни дејствија, туку и пријавување случаи кога постојат сомнежи за корупција.

Посебен акцент во справувањето на корупцијата ќе биде ставен на унапредување на професионалниот интегритет на вработените кои при извршување на задачите треба да применат соодветни знаења, етичко однесување, чесност и да работат во полза на јавниот

[3] Група на држави против корупцијата -Group of states against Corruption.

интерес како и да постапуваат согласно прописите, правилата и професионалните стандарди кои се применуват во КПУ Затвор-Тетово.

Секој вработен треба да покажува висок степен на интегритет во работењето, да го почитува Кодексот за однесување на службените лица во извршувањето на работните задачи во Казнено-Поправните и Воспитно-Поправните установи и да поседува способност да се спротивстави на корупцијата.

## ПРАВНИ ПРОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА КОРУПЦИЈАТА

Постојат повеќе закони кои се однесуваат на корупцијата, меѓу најзначајните се:

- Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси;
- Кривичниот законик;
- Законот за заштита на укажувачи и
- Законот за лобирање;

Во заложбите на меѓународната заедница во борбата против корупцијата се донесени Конвенцијата на обединетите нации против корупција[4] и Цивилната конвенција за спречување корупција. Република Северна Македонија ги има ратификувано овие меѓународни документи и истите претставуваат дел од домашното законодавство.

## АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА – ПОЛИТИКА ЗА ИНТЕГРИТЕТ НА КПУ-ЗАТВОР - ТЕТОВО

Во извршувањето на своите овластувања и должности, Директорот, зам.Директорот и сите вработени во КПУ-Затвор-Тетово ги почитуваат начелата на законитост, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било и со целосно почитување на јавниот интерес.

[4] Република Северна Македонија има донесен Закон за ратификација на конвенцијата на обединетите нации против корупцијата (Сл.Весник на РМ бр.37/07).

Притоа, внимаваат да не се ставаат во состојба на судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смеат да се раководат од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

## АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА НА КПУ-ЗАТВОР-ТЕТОВО

- Директорот, зам.Директорот и раководните лица на сектори и одделенија како и раководните припадници на затворска полиција во КПУ- Затвор Тетово се одговорни за проценка и отстранување на ризиците кои што придонесуваат за корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на интереси како и користење на влијанија и врски со цел добивање на повластен третман или каква било друга форма на неетичко и незаконско однесување;
- Директорот, зам.Директорот и раководните лица на сектори и одделенија како и раководните припадници на затворска полиција во КПУ –Затвор- Тетово, ќе вршат надзор над однесувањето на сите вработени и ќе се грижат секој вработен да го почитува етичкиот кодекс на однесување во работењето, секој вработен да знае да ги препознае облиците на коруптивно однесување и да се спротив- стави на корупцијата;
- Етичко однесување на Директорот и зам.Директорот и на сите вработени во КПУ-Затвор-Тетово- вработените максимално и посветено ќе се стремат кон унапредување на личниот и професионалниот интегритет на секој вработен;
- Административните службеници и припадниците на затворска полиција вработени во КПУ-Затвор-Тетово се должни да се однесуваат чесно и одговорно и да ги почитуваат пропишаните процедури и рокови за постапување, да бидат лојални на институцијата, да избегнуваат судир на интереси и да се грижат за угледот на институцијата во јавност баз разлика дали се наоѓаат на работното место или не и тоа во секое време;
- Вработените се должни да пријават било какво коруптивно однесување на начи пропишан во процедурите за пријавување на случаи во кои постои сомнеж на корупција или друго неетичко однесување;


Министерство за Правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-Затвор-Тетово - Тетово
Ул. „Цветан Димов бр.5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk

- Вработените на кои што им бил понуден поткуп или биле поттикнувани на незаконски или неетички дејствија треба на културен начин да ја прекинат комуникацијата со лицето кое нуди поткуп и писмено да го известат надлежното лице во институцијата. При тоа вработениот треба да ги појасни деталите вклучително - времето, местото, соговорниците и предметот на разговор.;
- Доколку вработениот не постапи согласно пропишаната процедура, против него ке биде покрената соодветна постапка;
- Пријавување на коруптивно однесување на лица кои што се вработени во КПУ Затвор Тетово е должност на секого. Тоа не е лично прашање, ниту право на избор, туку е дел од службената должност и одговорност;
- Вработените кои биле сведоци или имаат основни сомневања за неетичко или незаконско однесување на вработените во КПУ Затвор Тетово мораат во печатена форма телефонски или преку електронска пошта да го информираат овластеното лице во институцијата;
- На вработениот кој што пријавува корупција му се гарантира дека информациите се целосно доверливи;
- Коруптивните однесувања се казниви согласно Кривичниот законик на РСМ, а актите на корупција и неетичко однесување утврдени со антикорупциска политика задолжително повлекуваат и покренување на дисциплинска постапка која не исклучува и кривична одговорност;
- Ништо што е содржано во оваа антикорупциска политика не е ограничувачки фактор за вработените во поглед на пријавувањето на кривични дела до полицијата, обвинителството или Државната комисија за спречувањена корупција;
- Директорот и раководните структури во КПУ Затвор Тетово врз основа на искрено убедување дека пријавата се темели на вистина го гарантираат правото на заштита од одмазда и закани кон лицата кои што пријавиле неетичко и незаконско однесување;
- Доколку се докаже дека лицето тендециозно или злонамерно пријавило или дало лажен исказ, против него ќе бидат превземени соодветни законски мерки за одговорност;


Министерство за Правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-Затвор-Тетово - Тетово
Ул. „Цветан Димов бр.5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk

Управа за извршување на санкции

КПУ-Затвор-Тетово

## ОБЛАСТИ КАДЕ НАЈЧЕСТО ПОСТОИ РИЗИК ОД КОРУПЦИЈА

Со годишниот план за спречување на корупција се утврдени 4 приоритетни области каде најчесто постои ризик за појава на корупцијата и тоа:

1. **Индивидуален и институционален интегритет.**
2. **Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи.**
3. **Јавни набавки.**
4. **Примање на пратки и непрофесионално претресување на истите, внесување мобилни телефони/наркотични средства (алкохол, дрога или други недозволени предмети), дозволување на посети без закажан термин.**

Преку акцискиот план кој следува во продолжение, ќе се даде преглед на конкретно планирани активности и начинот на нивна операционализација, динамика на нивна реализација, носители и финансиски импликации за реализација на активностите преку кои успешно би се имплементирале дефинираните мерки.

### *АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2026 ГОДИНА*

| **Област. 1: Индивидуален и институционален интегритет** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Мерка | Активност | Носител/ надлежна организациона единица | Рок за реализација | Финансиски импликаци |
| Унапредување на личниот и професионалниот интегритет и етика на вработените | Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на професионалните, етичките и институционални | -Раководители на организациони единици. -Високо раководство: Директор и заменик на | Континуирано | нема |


Министерство за Правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-Затвор-Тетово - Тетово
Ул. „Цветан Димов бр.5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | те правила на работење | директорот | | |
| Професионален развој на вработените и развој на култура на континуирано учење | Развој и спроведување на политики и практики на управување со човечки ресурси за нивен професионален развој и надградба. | -Раководители на организациони единици. -Високо раководство: Директор и заменик на директорот | Континуирано | нема |
| | | | | |
| Посветеност на високото раководство во креирање на морална и организациска култура на професионалност, законитост и нетолерантност на корупција | Периодични проценки на работните процеси со цел идентификување на наивната ранливост од корупција | -Раководители на организациони единици. -Високо раководство: Директор и заменик на директорот | Втора половина на 2024 година | нема |

**Област 2: Постапување по пријави за неправилности и пријави од укажувачи.**

| Мерка | Активност | Носител/ надлежна организациона единица | Рок за реализација | Финансиски импликаци |
|---|---|---|---|---|


Министерство за Правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-Затвор-Тетово - Тетово
Ул. „Цветан Димов бр.5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Јакнење на лицето кое известува за неправилности и сомнежи за коруптивни дејствиа. | Создавање услови за извршување на неговите обврски според прописите за јавна внатрешна финансиска контрола | Овластено лице кое известува за неправилности и сомнежи за коруптивни дејствиа. | Континуирано | нема |
| Соодветна примена на Законот за заштита на укажувачи, подзаконските акти и интерната процедура за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување | Навремено и законско постапување по поднесените пријави од укажувачи, како и известување за преземените мерки на подносителите на пријави во законски утврдениот рок | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано | нема |
| Подигување на свеста на вработените во КПУ-Затвор-Тетово за можностите за постапување по Законот за заштита на укажувачите и интерната | Запознавање на вработените во КПУ-Затвор-Тетово со Законот за заштита на укажувачите и процедурата за начинот на постапување за заштитено внатрешно | Овластено лице за прием на пријави од укажувачи | Континуирано | нема |


Министерство за Правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-Затвор-Тетово - Тетово
Ул. „Цветан Димов бр.5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| процедура за начинот на постапување за заштитено внатрешно пријавување. | пријавување | | | |
| **Област. 3: Јавни набавки** | | | | |
| Мерка | Активност | Носител/ надлежна организациона единица | Рок за реализација | Финансиски импликаци |
| Зајакнување на интегритетот во постапките за јавните набавки | Поттикнување на континуирана доследност во почитувањето на Законот за јавни набавки, Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки и интерните процедури за сите инволвирани вработени во процесот на јавни набавки | Сите инволвирани вработени во процесот на јавни набавки | Континуирано | нема |
| | Спроведување на сеопфатни периодични анализи од спроведените јавни набавки вклучувајќи ги | -Лице за вршење работи од областа на јавните набавки.<br>-Самостојно одделение за финансиски | Крајот на 2026 | нема |


Министерство за Правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-Затвор-Тетово - Тетово
Ул. „Цветан Димов бр.5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | сите фази од процесот на јавните набавки со мерки за подобрување. | работи. -Самостојно одделение за правни и општи работи. | | |
| | | | Континуирано | нема |

**Област. 4: Примање на пратки и непрофесионално претресување на истите, внесување на мобилни телефони/наркотични средства (алкохол, дрога или други недозволени предмети).**

| Мерка | Активност | Носител/ надлежна организациона единица | Рок за реализација | Финансиски импликаци |
|---|---|---|---|---|
| Специлијазирани обуки за припадниците на Затворската полиција | Придржување и почитување на стандардни оперативни процедури СОП[5] и Правилникот за овластувањата на Затворската полиција, начинот на | УИС-Скопје КПУ-Затвор-Тетово | Континуирано | нема |

[5] Стандардни оперативни процедури.


Ул. „Цветан Димов бр.5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | вооружување и вршење на работите на затворската полиција[6]. | | | |
| | | | | |
| Професионализација на вработените во КПУ-Затвор-Тетово и развој на култура за контуирано учење. | Контуирано обновување на знаењата од Законските и подзаконските акти. | -Раководители на организациони единици.<br>-Високо раководство: Директор и заменик на директорот | Континуирано | нема |
| | | | | |

Заради спречување на корупција и судир на интереси се почитуваат следните начела:

- **Начело на законитост**

Вработените во КПУ-Затвор-Тетово работите и работните задачи треба да ги вршат во согласност со Уставот на РСМ, Законот за извршување на санкциите и другите позитивни закони на РСМ, Правилникот за куќен ред за осудените лица кои издржуваат казна затвор во КПУ-Затвор-Тетово, Кодексот за однесување на службените лица во извршување на работните задачи во Казнено-поправните и Воспитно поправните установи, Правилникот за овластувањата на затворска полиција, начинот на вооружување и вршење на работите на затворската полиција и други прописи донесени врз основа на Закон и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

[6] Сл.Весник на РСМ бр.94/22


Ул. „Цветан Димов бр.5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk

- **Начело на справување на судир на интереси**

Вработените не го доведуваат личниот материјален и нематеријален интерес во судир со јавниот интерес и со нивниот статус кој може да предизвика судир на интереси.

- **Начело на професионална етика, непристрасност и објективност**

Вработените во КПУ-Затвор-Тетово, при извршувањето на работите задржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди.

Вработените во извршување на работите и работните задачи ги почитуваат Уставот на Република Северна Македонија, законите, ратификуваните меѓународни договори, подзаконските прописи и интерните акти на Установата. Вработените преку давање личен пример со своето однесување работење ги промовираат демократските вредности и владеењето на правото. Еднаквост и недискриминација и во остварувањето на надлежностите и извршувањето на работните задачи, вработените промовираат еднаквост, инклузивност и недискриминација преку создавање можности и почитување на различностите, како и преку практикување еднаков третман меѓусебно, во односот со другите општествени чинители, државните органи и стратешките партнери без злоупотреба и дискриминација по кој било основ. Вработените ја извршуваат својата работа совесно, навремено одговорно и при постапување по конкретни предмети и донесување конкретни одлуки не се раководат од погрешна, неправилна и неразумна оцена на фактичката состојба заради предрасуди, остварување амбиции за напредување во кариерата, судирот на интереси, закани од претпоставените или лицата кои се засегнати во конкретен случај. Вработените со својот изглед прикажуваат професионализам и уредност и изборот на својата облека и модните додатоци го прилагодуваат на деловниот изглед. При извршувањето на работните задачи вработените воспоставуваат професионална комуникација, се придржуваат и ги применуваат правилата на однесување, како во однос на колегите и раководството, така и кон странките и другите соработници. Вработените во односите со колегите го


Министерство за Правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-Затвор-Тетово - Тетово
Ул. „Цветан Димов бр.5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk

негуваат духот и начелата на тимска работа, заемно почитување, уважување на различностите, солидарност и соработка. Вработените во односите со претпоставените го почитуваат нивниот авторитет и положба, покажувајќи разбирање за воведување технички, организациски и друг вид на промени. Во јавните настапи во кои ја претставуваат установата, вработените изнесуваат исклучиво официјални ставови на институцијата во согласност со прописите и добиените овластувања. Во јавните настапи во кои не ја претставуваат институцијата, вработените не изнесуваат податоци од делокругот на работа на Установата и од работното место, со кои би се нарушил угледот на Установата и би се поткопала довербата на граѓаните во администрацијата. Во комуникацијата со јавноста и при користење на приватните профили на социјалните мрежи, вработените го имаат загарантираното право на сопствено мислење, но се воздржуваат од давање недолични коментари на расна, етничка, верска, родова, социјална и друга основа со коишто би го нарушиле својот личен углед и угледот на Установата. Вработените доследно ги почитуваат „Правилата за внатрешен ред и однесување на вработените во КПУ-Затвор-Тетово" коишто се насочени кон одржување на редот и мирот во Установата, промовирање социјална и општествена одговорност, како и кон рационално користење и заштита на сопственоста.

- **<u>Непочитување на постапки и процедури и акти за етичко однесување</u>**[7]

- Секој вработен/именувано лице треба да се стреми кон доследно почитување на Кодексот на административни службеници, Кодексот за однесување на службените лица во извршување на работните задачи во казнено-поправните и воспитно-поправните установи[8] и Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата на Република Северна Македонија и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата на Република Северна Македонија[9].

---
[7] Сл.Весник на РМ бр.129/11.
[8] Сл.Весник на РМ бр.30/18.
[9] Сл.Весник на РСМ бр.232/20 и 162/21.


Министерство за Правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-Затвор-Тетово - Тетово
Ул. „Цветан Димов бр.5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk

- Доследно почитување на воведените пропишани процедури за работа на работните процеси во КПУ –Затвор- Тетово.
- Секое непрофесионално однесување на вработено/именувано лице во КПУ Затвор Тетово фрла сенка врз нивниот интегритет може да внесе сомнеж за компетентноста на институцијата. Воедно треба да се избегнува секаков можен конфликт на интереси со добивање на подароци кои би можеле да имаат влијание врз интегритетот на вработените.
- Вработено / именувано лице во КПУ- Затвор- Тетово да не дозволат нивните или било чии приватни, финансиски или други интереси да дојдат во конфликт со извршување на нивните работни задачи.
- Вработено/именувано лице во КПУ- Затвор- Тетово да се спротиставаат на сите форми на корупција во рамките на пенитенциарниот систем и да ги информираат непосредно претпоставените за било кои знаци на корупција во рамки на службата.
- Вработено/именувано лице во КПУ- Затвор- Тетово да ги извршуваат своите работни задачи на професионален и политички неутрален начин, да не го застапуваат и изразуваат своето политичко уверување и да не вршат политички активности при извршување на работните задачи.

➢ **<u>Финансиско управување и контрола</u>**

Финансиското управување и контрола е збир на одговорности на раководителот на субјектот да воспостави и имплементира процедури за постигнување целосна контрола во работењето врз основа на принципот на стабилно финансиско управување и контрола. Стабилно финансиско управување и контрола е транспарентно регулирано економично, ефикасно и ефективно користење на расположливите средства.

Надзорот на активностите поврзани со воспоставување на системот за финансиско управување и контрола како и запознавање со проблемите поврзани со неговото воспоставување и изнаоѓање начини за нивно решавање во КПУ-Затвор-Тетово се спроведува преку тековни, односно редовно известување на координативни состаноци и колегиуми на кои се презентира напредокот на планираните активности.


Министерство за Правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-Затвор-Тетово - Тетово
Ул. „Цветан Димов бр.5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk

**Управа за извршување на санкции**

**КПУ-Затвор-Тетово**

КПУ-Затвор-Тетово одговорно го води процесот на управување со јавните финансии преку механизам за буџетирање и наменска распределба на средствата. Редовна контрола на буџетот на установата спроведува Управата за извршување на санкциите.

## АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

Мерките за спречување на корупцијата ќе бидат во насока на унапредување на професионалноста и стручноста на вработените преку доследно почитување на Законската и подзаконската регулатива и санкционирање на секаква форма на корупција во КПУ – Затвор- Тетово и тоа:

- Професионализација, департизација и деполитизација на вработените;
- Јакнење на интегритетот на вработените во установата;
- Почитување на Уставот на РСМ, Законите на РСМ и подзаконските акти донесени врз основа на Закон и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.
- Почитување на воведените процедури за работа на работните процеси во КПУ Затвор Тетово;
- Јакнење на контрола и надзор на јавните набавки;
- Постојани обуки на вработени;
- Надградба на постојаниот аудио-видео систем- надзор за целосна покриеност на установата;
- Набавка на агрегат (во услови кога нема струја истиот да биде во функција).
- Набавка на метал детектори и детектор за врата;
- Зголемување на бројот на вработени – стручен тим во приемно одделение и здравствена заштита (психолог и стоматолог).
- Зголемување на бројот на вработени- припадници на затворска полиција заради формирање на спроводна служба.
- Набавка на униформи за припадниците на Затворска полиција.
- Почитување на Кодексот на административни службеници, Кодексот за однесување на службените лица во извршување на работните задачи во казнено-поправните и воспитно-поправните установи, Кодексот на однесување при спроведување на

јавните набавки и Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата на Република Северна Македонија и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата на Република Северна Македонија.

- Превземање на соодветни дисциплински мерки против лица кои се однесуваат коруптивно, недозволиво незаконито и неетички.
- Внатрешно пријавување преку овластено лице- укажувач.
- Меѓусебна соработка со други институции во заедничката борба за откривање на незаконски дејствија.
- Укажување на надлежните за зголемување на платите на вработените во Затвор-Тетово.

Заради јакнење на принципите на транспарентно работење, сите вработени како и именувани лица во КПУ-Затвор-Тетово не смеат да ги користат службените овластувања со цел стекнување на лична корист и имаат обврска да се спротистават на секаква форма на корупција во рамки на КПУ-Затвор-Тетово. Во таа насока значајно анализирање на ситуации кои може да доведаат до потенцијален судир на интереси и корупција при вршење на службени работи и задачи и потребно е навремено превземање на мерки за отстранување на можност за судир на интереси и корупција.

ДИРЕКТОР НА КПУ-ЗАТВОР-ТЕТОВО
Xheladin Xheladini

Доставено до:
- Архива
- УИС-Скопје

Изготвил/përgaditi:
m-r Sadin Halili


Министерство за Правда
Управа за извршување на санкциите
КПУ-Затвор-Тетово - Тетово
Ул. „Цветан Димов бр.5 Тетово П.Фах 168
Република Северна Македонија
+389 44 336-895
e-mail: Kpu.Tetovo@justice.gov.mk